**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-66/4**
**Скопје, 02.03.2023 година**

Записник од седумдесет и петта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 02.03.2023 година.

Присутни:
г-дин Антонио Јолевски -Претседател на Советот
г-дин Арбер Исаку – Заменик претседател
г-дин Влатко Георгиевски член
г-ѓа Душица Димитриеска
г-ѓа Јасна Жежова член
г-дин Љубомир Јовески член
г-Иџет Мемети член
г-ѓа Фиданка Рајевска член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-дин Антонио Јолевски констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на седумдесет и петтата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следениот дневен ред:

1. Усвојување на записникот од 74 (седумдесет и четврта) седница на Советот.
2. Донесување на одлука за распишување на оглас за избор на јавни обвинители во Основните јавни обвинителства.
3. Донесување на одлука за распишување на оглас за избор на јавни обвинители во ОЈО ГОКК-Скопје.
4. Донесување на одлука за распишување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Штип.
5. Разгледување на можноста за донесување на одлука за распишуавње на оглас за избор на јавни обвинители во Вишите јавни обвинителства.
6. Разгледување на можноста за донесување на одлука за распишување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар.
7. Разно

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ја отвори 75-та седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред. Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 74 (седумдесет и четвртата) седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека од страна на Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО) до Советот бил доставен список па кандидати со завршена обука за судии и јавни обвинители, од кои 28 кандидати се за јавни обвинители. Воедно истакна дека листата била поделена на членовите на Советот на разгледување и запознавање, како и листа за бројот на јавни обвинители за секое основно јавно обвинителство, со што можело да се види согласно систематизацијата колку јавни обвинители треба да има и колку јавни обвинители во моментот недостасуваат во Основните јавни обвинителства во РСМ. Откако ги запозна членовите со состојбите во поглед на бројот на јавни обвинители за секое Основно јавно обвинителство поединечно, даде предлог Советот да донесе одлука за распишување на оглас за избор на јавни обвинители во следните Основни јавни обвинителства и тоа: двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Битола, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Велес, двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гевгелија, тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гостивар, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Дебар, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Делчево, тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Кичево, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Крива Паланка, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кочани, двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Куманово, двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Охрид, двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Прилеп, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Ресен, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Свети Николе, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струга, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струмица и шест јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Тетово.

Воедно истакна дека за Основното јавно обвинителство Скопје, не би требало да се објави оглас од причина што истото е најпополнето со јавнообвинителски кадар во однос на останатите Основни јавни обвинителства во РСМ.

Откако никој не зема збор, предлогот на Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот по што Советот како заклучок донесе одлука за објавување на оглас.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за објавување на оглас за избор на јавни обвинители и тоа: двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Битола, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Велес, двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гевгелија, тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гостивар, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Дебар, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Делчево, тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Кичево, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Крива Паланка, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кочани, двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Куманово, двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Охрид, двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Прилеп, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Ресен, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Свети Николе, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струга, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струмица и шест јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Тетово.**

Под точката три од дневниот ред, претседателот на Советот кажа дека на минатиот оглас за избор на јавни обвинители во ОЈО ГОКК-Скопје, Советот не извршил избор на јавни обвинители во тоа јавно обвинителство. Во меѓувреме кажа дека од страна на јавниот обвинител на РСМ, во ова јавно обвинителство биле упатени неколку јавни

обвинители и лично смета дека Советот треба да донесе одлука за објавување на оглас за избор на јавни обвинители во ОЈО ГОКК-Скопје, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Јавниот обвинител на РСМ, г-дин Љубомир Јовески смета дека Советот треба да донесе одлука за објавување на оглас за четворица јавни обвинители во ОЈО ГОКК-Скопје. Воедно кажа дека тројца јавни обвинители се времено упатени во ова јавно обвинителство. Воедно кажа дека Советот ќе биде известен со доставување на решенија за времените упатувања во ОЈО ГОКК- Скопје.

Заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку се согласи со предлогот на Претседателот на Советот како и со Јавниот обвинител на РСМ, за да се објави оглас за четворица јавни обвинители во ОЈО ГОКК-Скопје, и е против на заквиот начин на упатувањата на јавни обвинители во ова јавно обвинителство, и воедно истакна дека прашањето со упатените јавни обвинители биде решен пред изборот на јавни обвинители во ОЈО ГОКК-Скопје.

Член на Советот зема збор и кажа дека се согласува со мислењето и ставот на заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ, донесе одлука за објавување на оглас за избор на четири јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје.**

Под точка четири од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека во Основното јавно обвинителство Штип има поставено вршител на должноста Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Штип и смета дека Советот на оваа седница треба да донесе одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Штип.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ, донесе одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Штип.**

Под петтата точка од дневниот ред за распишување на оглас за избор на јавни обвинители во вишите јавни обвинителства, Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека бил предлог на заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку, и воедно истакна доколку Советот гледа можност за распишување на оглас за вишите јавни обвинителства, да се донесе одлука за распишуавње на оглас. Воедно кажа дека било дискутирано за ВЈО Скопје, ВЈО Гостивар и ВЈО Битола, а дека веќе има оглас за избор на двајца јавни обвинители во ВЈО Скопје, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Член на Советот смета дека во моментот е рано за објавување на оглас за вишите јавни обвинителства.

Заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку, е со став дека се исполнети условите за донесување на одлука за распишување на оглас за избор на јавни обвинители во ВЈО Скопје, ВЈО Гостивар и ВЈО Битола. Истакна дека за еден месец ќе биде спроведен избор ВЈО Скопје и во Основните јавни обвинителства и ќе има можност за распишување на оглас за вишите јавни обвинителства. Воедно кажа дека ги има земено во предвид кадровските состојби по вишите јавни обвинителства, вклучувајќи го и ВЈО Скопје, кое покрива повеќе основни јавни обвинителства и дека истото е најоптеретено во однос на останатите Виши јавни обвинителства. Воедно ги запозна членовите на Советот со кадровските состојби по Вишите јавни обвинителства во РСМ. Напомена дека последен пат во Вишото јавно обвинителство Гостивар е извршен избор на јавни обвинители во 2013 година, и смета дека треба да се донесе одлука за објавување на оглас за по еден јавен обвинител во Виште јавни

обвинителства во Скопје, Гостивар и Битола, додека за Вишото јавно обвинителство Штип смета дека во моментот нема потреба.

Член на Советот е со мислење дека за ВЈО Скопје, не би требало да се избрзува со објавување на оглас, смета дека прво треба да се завршат тековните постапки за избор на двајца јавни обвинители во ВЈО Скопје, а како второ смета дека треба да се води сметка како ќе се испразнуваат јавнообвинителски места во ОЈО Скопје, па дури после тоа да се размислува за објавување на оглас за избор на јавни обвинители во ВЈО Скопје.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љубомир Јовески останува на ставот од минатите седници на Советот, каде било дискутирано најпрво да се заврши процесот на избор на јавни обвинители во Основните јавни обвинителства, од причина што со огласот кој ќе биде објавен за избор на јавни обвинители во Основните јавни обвинителства, сеуште не се знае колку кандидати ќе се јават и кои јавни обвинителства ќе се пополнат со нов јавнообвинителски кадар. Смета дека најдобро е да се заврши започнатиот процес, а потоа да се оди со огласи за Вишите јавни обвинителства, и за Основен јавен обвинител на ОЈО Гостивар.

Член на Советот кажа дека потребата за избор во Вишите јавни обвинителства е неспорен, се поставува прашање само дали сега е моментот огласот да се објави или првин да се оди со избор на јавни обвинители во Основните јавни обвинителства, па отткако ќе се согледа ситуацијата со изборот во Основните јавни обвинителства , да се оди со оглас за Вишите јавни обвинителства.

Г-дин Ицет Мемети истакна дека потребата од објавување на оглас за Вишите јавни обвинителства сме го дискутирале и на неколку претходни седници на Советот, и секогаш било одложемо за да се видат состојбите во Основните јавни обвинителства. Кажа дека исто така сме го отвориле прашањето и за објавување на оглас за избор на јавни обвинители во ВЈО Скопје. Смета дека добро е на оваа седница да се донесе одлука за објавување на оглас за избор на јавни обвинители во Вишите јавни обвинителства. Истакна дека факт е дека Советот има објавено оглас за избор на двајца јавни обвинители во ЈОРСМ, и за двајца јавни обвинители во ВЈО Скопје, а целата постапка е завршана и остана да се изврши избор. Смета дека Советот треба да закаже седница и да се изврши избор по овие огласи. Нагласи дека Советот е орган кој ќе одлучи за изборот и нема потреба од пролонгирање во однос на изборот во овие јавни обвинителства, и воедно смета дека не е пречка да се објави оглас за избор на јавни обвинители и за Вишите јавни обвинителства.

Член на Советот се согласи со констатацијата дека предолго трае процедурата за избор на јавни обвинители во ЈОРСМ и ВЈО Скопје, но истакна дека и кога биле објавувани огласи за овие јавни обвинителства, исто така, како и сега Советот бил во дилема дали да се носи одлука за објавување на оглас за овие јавни обвинителства или не, како што е состојбата и сега. Лично смета дека не е момент сега да се објави оглас за избор на јавни обвинители во Вишите јавни обвинителства и дека би било контраефективно.

Заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку предложи неговиот предлог за донесување на одлука за распишување на оглас за ибор на јавни обвинители во Вишите јавни обвинителства биде ставен на гласање и ќе гласи Донесена одлука за објавување на огласите за избор на јавни обвинители во Вишите јавни обвинителства Скопје, Битола и Гостивар.

Предлогот на Заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку беше ставен на гласање.

ЗА објавување на огласот гласаат двајца членови, ПРОТИВ беа пет членови, ВОЗДРЖАН еден член.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ, не донесе одлука за распишуавње на оглас за избор на јавни обвинители во вишите јавни обвинителства Скопје, Гостивар и Битола.**

Под точка шест од дневниот ред беше одлучено да се одложи за некоја од нередните седници на Советот.

Под точка разно од дневниот ред Претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со дописот доставен до Советот од страна на АСЈО, каде се бара ангажираноста на членовите кои учествуваат во Комисијата за прием на кандидати за обука на судии и јавни обвинители во АСЈО, за време на викенд деновите сабота и недела, да се има во предвид при нивната редовна ангажираност на работата.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот ја заклучи седумдесет и петтата седница на Советот.

Записникот го водел:
Аспарух Мисајловски
Генерален секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Антонио Јолевски**